## КАКО СЕ ОДВИВА ПРОЦЕСОТ?

Сите претпријатија и занаетчии кои ќе бидат избрани да учествуваат во програмата ќе добијат финансиска поддршка во вид на материјали и/или опрема.

Програмата обезбедува неповратни средства во вид на опрема и/или материјали во висина од 92.000,00 МКД за секое ново отворено работно место.

Секое претпријатие може да отвори до 5 нови работни места, и да добие максимален износ од 460.000,00 МКД, при што ќе се земаат предвид и евентуалните вработувања остварени во претходните календарски години, преку програмите кои обезбедуваат поддршка за дополнителни вработувања во фирми.

Може да се вработи секое евидентирано невработено лице, кое ги исполнува барањата и критериумите на работодавачите и успешно го завршило процесот на посредување при вработување.

## УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ

**Заинтересираните фирми треба:**

- Да се регистрирани најмалку една (1) година, сметано до денот на објавување на јавниот оглас;
- Да не се во стечајна постапка и ликвидација на денот на пријавувањето;
- Да ги имаат подмирено сите обврски по основ на даноци и придонеси;
- Да имаат остварено добивка во 2012 година;
- Да не го имаат намалено вкупниот број на вработени во изминатите шест (6) месеци, пред објавување на јавниот оглас со исклучок на природен одлив (смрт или пензионирање);
- Да пополни апликационен формулар и го наведе потребниот профил на работни-к/ци како и да одговори на прашањата кои ќе овозможат идентификација на развојниот капацитет на фирмата.

**Во 2012 година 59 мали претријатија корисници на Програмата за дополнително вработување вработија 90 лица и добија неповратна финансиска поддршка во форма на опрема и/или материјали во вкупен износ од 8.280.000,00 МКД (околу 173,694.15 УСД). Фирмите со помош на нововработените и обезбедената опрема и материјали, го зголемија нивниот капацитет на производство или услуга, а со тоа забележаа пораст на својата фирма.**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Агенција за вработување на Република Македонија

UNDP

**Сите заинтересирани можат да се информираат подетално во центрите за вработување на АВРМ или на: www.avrm.gov.mk; e-mail: info@avrm.gov.mk; или www.samovrabotuvanje.mk**

# ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРАВНИ СУБЈЕКТИ (МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, ЗАНАЕТЧИИ) ЗА ОТВОРАЊЕ НОВИ РАБОТНИ МЕСТА



## УНАПРЕДЕТЕ ГО СВОЈОТ БИЗНИС, ОТВОРЕТЕ НОВИ РАБОТНИ МЕСТА

## КОЈА Е ЦЕЛТА НА ОВАА ПРОГРАМА?

Да го поддржи растот на мали и средни претпријатија и занаетчии преку финансиска поддршка и да поттикне отворање на нови работни места.

## КОЈ МОЖЕ ДА УЧЕСТВУВА?

Сите мали и средни претпријатија и занаетчии кои ги исполнуваат условите и критериумите определени со програмата.